Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на првото продолжение на 60-тата седница одржано на 31.01.2022 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот со број 12-4312/1 од 17.12.2020 година, оформен по сопствена иницијатива на ДКСК, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси - за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-4312/1 од 17.12.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

ДКСК стекна сознанија за постоење на наводи за сомневање за неправилности и незаконитости утврдени при вршење на ревизија на финансиското работење на АД /// /// од страна на Државниот завод за ревизија, кој извештај е доставен и до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, по што со Службена белешка за отворање на предмет во Одделението за спречување на корупцијата со број 12-4312/1 од 17.12.2020 година оформи предмет по сопствена иницијатива со број 12-4312/1 од 17.12.2020 година.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба ДКСК достави Барање за прибирање податоци и информации до Основното јавно обвинителство Скопје (во натамошниот текст ОЈО Скопје) од кое побара да биде известена за тоа дали во ОЈО Скопје е оформен предмет во врска со Извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на АД /// /// од Државниот завод за ревизија, во кој се констатирани наоди и состојби за постоење на сомневање за незаконитости во работењето на ова акционерско друштво, за кој има сознанија дека е доставен до ОЈО Скопје.

ОЈО Скопје ги достави бараните информации и од увидот во истите утврдена е следната фактичка состојба:

На 03.03.2014 година од страна на Државниот завод за ревизија до Јавното обвинителство на Република Македонија било доставено известување со прилог – Конечен извештај на овластен државен ревизор од извршена ревизија на усогласеноста на АД /// /// за 2012 година, со напомена дека при извршената ревизија се утврдени неправилности и незаконитости во работењето. Известувањето и целокупната придружна документација до ОЈО Скопје биле доставени на 18.03.2014 година.

На 10.04.2014 година, постапувајќи по истите, ОЈО Скопје донело наредба со кое ја задолжило Управата за финансиска полиција Скопје да изврши увид во документацијата на друштвото со цел да се проверат наодите од конечниот извештај, да се утврди дали констатираните пропусти и недостатоци во меѓувреме се корегирани и дали постојат и други неправилности во смисла на незаконско работење од страна на субјекти во друштвото.

На 10.10.2014 година Управата за финансиска полиција до ОЈО Скопје доставила Посебен извештај од кој произлегува дека Управата постапила по неговата наредба, при што не биле пронајдени и обезбедени докази од кои би произлегло дека е евентуално сторено кривично дело од страна на овластени лица во друштвото.

Со оглед на тоа што по извршена анализа на Конечниот извештај и Посебниот извештај не произлегло дека констатираните неправилности и пропусти го исполнуваат битието на некое кривично дело за кое гонењето се презема по службена должност, во ОЈО Скопје на 16.12.2019 година била изготвена јавнообвинителска одлука – Резолуција дека нема место за јавнообвинителско постапување.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот - за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: А.Р.М.
Одобрил: м-р В.Г., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик-претседател**
**Горан Трпеноски**